ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Краток документ за јавна политика бр. 11/2025

-

# Родова застапеност и тематска видливост: пратеничките и маргинализираните групи во Собранието

Авторка: Јоана Тренеска

-

Октомври 2025

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

CENTER FOR CHANGE MANAGEMENT

*Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), проект на Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. ПСП ја спроведуваат Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Искажаните мислења, ставови и содржини не ги отсликуваат ставовите на проектот, донаторот и спроведувачот.*

# Импресум

**Наслов:** Родова застапеност и тематска видливост: пратеничките и маргинализираните групи во Собранието

**Издавач:** Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Авторка:** Јоана Тренеска

**Уредник:** Марко Трошановски

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| I. | Вовед | 2 |
| II. | Методологија и спецификација на термини | 3 |
| III. | Парламентарни комисии и интерпартиски групи – родова распределба | 4 |
| IV. | Маргинализирани групи во собраниски дебати - Наоди од извештај за набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието | 6 |
| V. | Перцепција за застапеност на маргинализирани групи – Наоди од теренска анкета за работата на Собранието | 9 |
| VI. | Заклучок | 13 |
| VII. | Препораки | 14 |
| VIII. | Користена литература | 15 |

# I. Вовед

Прашањето за застапеноста на маргинализираните групи во политичките институции претставува клучен индикатор за нивото на инклузивност и демократскиот капацитет на едно општество. Собранието, како највисок претставнички дом, има централна улога во овозможувањето на еднаков пристап и учество на сите граѓани во процесите на донесување одлуки. Историски гледано, за зголемување на застапеноста на маргинализираните групи се применувале различни пристапи – од обезбедување поголемо присуство во пратеничкиот состав, преку формирање на парламентарни групи и работни тела посветени на нивните прашања, до изработка и следење на национални стратегии и законодавства насочени кон унапредување на нивните права.

Во однос на родовиот сооднос, кога е во прашање застапување на маргинализирани групи, литературата тврди дека жените кои се на јавна функција во поголем процент од мажите се осврнуваат на правата и проблемите на заедници кои финансиски и политички се наоѓаат на маргините во едно општество (Ицкович-Ошри и Малка, 2024 ; Валш, 2002). Дополнително, истражувања укажуваат дека жените на јавни функции често се концентрирани во ресори и парламентарни комисии што се поврзани со социјални политики – како што се образованието, здравството, родовата еднаквост и екологијата – додека министерствата и телата што се занимаваат со области како безбедност, економија или надворешна политика остануваат доминантно машки (Рашкова и Занкина,  2019 ; Сиароф, 2000). Според скорешни истражувања, жените имаат тенденција да работат на помалку хиерархиски, попартиципативен и посоработлив начин од машките колеги, а исто така е поголема веројатноста да работат со колеги од другите партии, дури и во високо партиски настроени средини. [1]Поголемиот фокус на социјална политика се пресликува и во општата јавност, односно бројни анкети на граѓани укажуваат дека жените почесто ја поддржуваат законската и политичката иницијатива која обезбедува поголема заштита и поддршка за ранливите категории (Касанити, 2023).

Целта на оваа анализа е да ги испита овие теоретски претпоставки во контекст на македонскиот законодавен дом, користејќи податоци за парламентарниот состав со мандат од 2024 до 2028 година и анализи за Собранието спроведени од 2023 до 2025 година.

---

1 Извештај од Национален демократски институт, Достапен на: https://www.ndi.org/sites/default/files/Handout%204%20-%20Why%20Women%20in%20Politics.doc

# II. Методологија и спецификација на термини

За анализата се искористени квантитативни наоди и дата база од извештаи од набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието [2] во период од 2023 до прва половина од 2025 година и годишната анкета за перцепција на граѓаните за работата на Собранието, спроведена во март 2025 година.

Официјалната дефиниција која се користи произлегува од Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација[3] ја дефинира маргинализираната група како "група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики кои ги прават погодни за одредени видови на насилство, имаат помала можност за остварување и заштита на сопствените права или се изложени на зголемена можност за натамошна виктимизација."

За потребите на оваа анализа, во маргинализирани групи спаѓаат сите оние кои се вклучени и истражени во извештаите спроведени преку Швајцарската програмата за парламентарна поддршка. Вклучени се млади лица, жени, невработени, самохрани родители, жители на рурални области, корисници на социјална помош, возрасни лица, лица со попреченост, Роми и ЛГБТИ+ заедницата.

---

2 Квалитетот на дебатата во Собранието се анализира со користење на „Индексот за квалитет на дебата". Индексот е инструмент што овозможува секој одделен акт на говор на набљудуваната седница да се кодира според неколку индикатори за квалитетна дебата. Од јануари 2020 година, Институтот за демократија ја набљудува работата на Собранието и квалитетот на дебатата во рамките на Програмата за парламентарна поддршка. Објавените извештаи се достапни на: https://idscs.org.mk/mk/category/%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b8/%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%bb%d0%b0%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82/

3 Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 101/2019) - Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/Закон%20за%20спречување%20и%20заштита%20од%20дискриминација.pdf

# III. Парламентарни комисии и интерпартиски групи – родова распределба

Собранието на Северна Македонија содржи неколку работни тела и неформални интерпартиски групи кои специфично се фокусираат на правата и потребите на маргинализирани групи. Од работните дела / комисиите се издвојуваат: Комисија за еднакви можности на жените и мажите, Комисија за социјална политика, демографија и млади и Постојната анкетна комисија за човекови права, додека од неформални интерпартиски групи се издвојуваат Клубот на пратенички, Клубот на младински политики, Интерпартиската група за поддршка на правата на Ромите и Интерпартиската група за правата на лицата со попреченост. Иако една од целите на  неформалните групи е да се избегнат меѓупартиски конфликти и политизирање на темите, необврзувачката природа ја ограничува моќта и ефектот на овој тип на работни тела.

Дополнително, сите останати легислативи донесени преку останатите работни тела, а кои тематски не се поврзани со социјалната сфера, исто така можат индиректно да влијаат врз положбата на маргинализираните групи. Поради тоа, важно е со користење на инструментот за проверка на влијание на регулативата (ПВР), предлагачите на законски регулативи да ги гледаат истите и низ социјална призма, со цел да се обезбеди нивна сензитивност кон потребите на маргинализирани категории на граѓани.

Моменталниот состав на Собранието се состои од 44 пратенички (37%) од вкупно 120 пратеници. Овој процент е резултат на законскиот родов квотен систем кој обезбедува најмалку 40% на кандидатските листи, при што еден кандидат од помалку застапениот род мора да биде вклучен меѓу секои три последователни кандидати и уште најмалку по едно место на секои десет места.[4] Дополнително, новиот Деловник на Собранието усвоен во 2023 година предвидува одредби за обезбедување родова застапеност во составот на работните тела и избегнување на создавање типично мнозински машки или женски комисии. Според Член 27, при изборот на потпретседатели на Собранието, барем еден треба да биде жена. Дополнително, при изготвување закони, воведот може да содржи посебен фокус на родовата еднаквост (Член 142). Во Член 114 од Деловникот[5]  Комисијата за избори и именувања при креирање на работните тела се користи со листите поднесени од пратеничките групи, но при подготовка на истите треба да обезбеди соодветна застапеност на пратениците од различен пол од пратеничките групи. Оваа формулација остава простор за широко толкување на членот, што доведува до видлива нерамнотежа на пратеници и пратенички во работните тела.

Иако поради помалиот број, пратеничките генерално не доминираат во комисии, при анализата на распределбата според тематика може да се забележи дека тие повеќе се застапени во комисии со социјален карактер, како што се комисиите за родова еднаквост, социјална политика, демографија и млади, култура и туризам, образование, додека пратениците повеќе доминираат во комисии за безбедност, финансии, земјоделство и локална самоуправа (Графикон 1). Претходна анализа на тема родова застапеност која ги опфаќа парламентарните состави од 1990 до 2020 година, потврдува дека овој тренд опстојува од независноста до денес.[6]

---

4 Член 21 од Изборен Законик. (Службен Весник на Република Македонија бр. 196/2015) Достапно на: http:// www.slvesnik.com.mk/Issues/63cc34eb402342698f7e82e59629175a.pdf

5 Деловник на Собранието на Република Северна Македонија. Достапно на: https://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/%D0%94%D0%95%D0%9B%D0%9E%D0%92%D0%9D%D0%98%D0%9A%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20-%D0%BD%D0%BE%D0%B2.pdf

6 Јовевска, А. и Јанеска, С. 2020. Суштинско или стерилно: Застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (1990 – 2020). Достапно на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/Kratok_dokument_za_javna_politika_Br.31_2020_SustinskoiliSterilno.pdf

Родовата распеделба во Собранието до одреден степен ги потврдува теориите дека жените кои имаат јавни функции често се концентрирани во ресори и парламентарни комисии што се поврзани со социјални политики. Дополнително, недостатокот на пратенички во комисии кои недиректно се поврзани со категории на граѓани може да предизвика недоволна социјална димензија во легислативата што произлегува од истите. Во контекст на овие информации, може да се заклучи дека, иако пратеничките не доминираат во број во Собранието, нивната застапеност во одредени комисии може да укаже на родова сегрегација во распределбата на моќта и влијанието во законодавниот дом.

.

**Графикон 1. Родова застапеност во собраниски комисии (%)**



# IV. Маргинализирани групи во собраниски дебати - Наоди од извештај за набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието

Во извештајот за набљудување на квалитетот за дебатата во Собранието, застапеноста на маргинализираните групи е измерено преку набљудување колку пати се споменати во говорите на пратениците и надворешните учесници. Според последниот извештај кој опфаќа вкупно 1353 говори од првата половина од 2025 година, пратениците не се осврнаа на правата и потребите на маргинализираните групи во 86% од нивните излагања. Пратениците издвојуваат дел од своите говори за маргинализирани групи најчесто кога се дискутира спесифичен закон кој директно се однесува на нивните права. Овој процент е низок меѓу другото бидејќи најголем број на законски решенија имаат влијание врз различни групи на граѓани иако не се директно споменати во легислативата. Нискиот процент дополнително укажува на недоволна употреба на инструментот 'Проверка на влијанието на регулативата' (ПВР), кој служи, меѓу другото, за оценка на ефектите од законите врз различни категории граѓани пред нивното усвојување. Според Табела 1 (види подолу) може да се забележи дека најчесто спомнувани категории за овој период се младите, жените,  лицата со попреченост и корисници на социјална помош, додека најмалку споменати се Ромите, самохраните родители и ЛГБТИ+ заедницата..

**Табела 1. Број на излагања во собраниски дебати во кои се споменати маргинализирани групи**

| Маргинализирани групи | Излагања (%) | Излагања (апсолутни бројки) |
|---|---|---|
| Млади | 10 | 129 |
| Жени | 2 | 20 |
| Лица со попреченост | 1 | 19 |
| Корисници на социјална помош | 1 | 18 |
| Невработени | 1 | 11 |
| Возрасни лица | 1 | 10 |
| Жители на рурални области | 0 | 5 |
| Роми | 0 | 4 |
| Самохрани родители | 0 | 4 |
| ЛГБТИ+ | 0 | 2 |
| Друго | 3 | 46 |
| Нема осврнување на маргинализирани групи | 86 | 1165 |

Наодите дополнително покажуваат дека пратениците ретко ги адресираат прашањата поврзани со правата на маргинализираните заедници, додека пратеничките тоа го прават почесто споредено со своите машки колеги. Од вкупниот број излагања во кои се спомнуваат маргинализирани групи во последниот период на наблљудување, 65% се дадени од страна на пратенички. Во однос на родовата структура на лицата кои имале излагања и дебати во Собранието во овој период, учеството на жените е 37% наспроти 63% учество од мажите. Иако е забележано зголемување од 3% учество кај жените во однос на втората половина од 2024 година, процентот е далеку од максималните 43% достигнати во периодот на набљудување кој ја опфаќа првата половина од 2023 година. Во тој период, наодите покажуваат дека 60% од говорите кадешто има осврт на маргинализирани групи се од жени, наспроти 40% кои се од мажи. Сепак, важно е да се нагласи дека во периодот на најголемо регистирано учество на жените откако се мониторира дебатата во Собранието, тогашниот извештај не забележа висок процент на осврт на маргинализирани групи во говорите. Напротив, процентот на нереференцирање на разглични групи на граѓани во говорите во тој период достигна 87.3 проценти, што е 1.3 процентни поени повеќе од извештајот од првата половина од 2025 година (Графикон 2). Тоа сугерира дека односот меѓу женското политичко учество и застапувањето на маргинализираните групи не следи линеарна логика, туку претставува повеќеслоен процес кој заслужува подлабинска анализа.

**Графикон 2. Собранински излагања според род (%)**




Анализата на спомнувањата на маргинализираните групи според тип на работно тело покажува значајни разлики во фокусот на дискусијата (Табела 2). На пленарните седници, кои имаат најголемо присуство и медиумска видливост, најчесто се споменуваат млади, жени, лица со попреченост и Роми, додека ЛГБТИ+ заедницата, жители од рурални области, самохрани родители и невработени речиси не се дискутираат. Во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедници, пак, повеќе внимание се посветува на етничките заедници и лица со попреченост, додека Комисијата за европски прашања и Комисијата за финансии и буџет речиси не ги споменуваат овие групи.

Особено е забележливо дека ЛГБТИ+ заедницата е спомената само во други комисиски тела и во категоријата „Друго", но целосно изостанува од пленарните седници. Овој факт укажува дека, иако одредени групи добиваат внимание во комисиски тела, нивната видливост на најголемата и најмедиумски видлива платформа на Собранието е многу ограничена. Сето тоа покажува дека дебатата за маргинализираните групи е нерамномерна и дека постои потреба од поголема застапеност на одредени категории на маргинализирани граѓани на ниво на пленарни седници.

**Табела 2. Број на излагања во кои се споменати мариналијзирани групи според тип на работно тело**

| | ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА | КОМИСИЈА ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИ | КОМИСИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ | ДРУГО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лица со попреченост** | 9 | 3 | 1 | 0 | 6 | **19** |
| **Жени** | 10 | 2 | 0 | 0 | 8 | **20** |
| Возрасни лица | 8 | 1 | 0 | 0 | 1 | **10** |
| ЛГБТИ+ заедница | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | **2** |
| Млади | 63 | 7 | 1 | 7 | 51 | **129** |
| Жители од рурални области | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | **5** |
| Самохрани родители | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | **4** |
| Роми | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| Корисници на социјална помош | 7 | 6 | 0 | 1 | 4 | **18** |
| Невработени | 2 | 2 | 0 | 0 | 7 | **11** |

# V. Перцепција за застапеност на маргинализирани групи – Наоди од теренска анкета за работата на Собранието

Анкетата на тема Перцепција на граѓаните за работата на Собранието опфаќа 1000 испитаници. Анкетата ги опфаќа размислувањата и искуствата на граѓаните во однос на сите функции на Собранието, контрола и надзор врз извршната власт, како јавноста  е вклучена во работата, кого претставуваат пратениците во Собранието, собраниската дебата и реформите, како  и довербата во Собранието во споредба со другите институции. Дополнително, вклучени се и прашања за маргинализирани групи, односно испитаниците се прашани кои групи на граѓани и нивните интереси сметаат дека се најдобро застапени. Според одговорите (Графикон 3), лицата со посебни потреби, возрасните лица и корисници на социјална помош во најголем процент се сметаат за застапувани, додека жителите од руралните области, жените и ЛГБТИ+ заедница се најретко посочени како групи со застапени интереси. Перцепцијата за овие групи не се поклопува целосно со наодите од набљудувањето на дебатата, односно интересите на жените се перцепирани како ретко застапени, додека според извештајот од првата половина на 2025, тие се второ најчесто спомената категорија на граѓани. Во однос на ЛГБТИ+ заедницата, 60 граѓани ја оцениле како најдобро застапена група во Собранието. Сепак, анализата на собраниските говори покажува  поинаква слика – заедницата е спомената само еднаш во набљудуваниот период, што ја става на дното според бројот на спомнувања. Оваа дискрепанца укажува на постоење на перцепциски јаз меѓу граѓаните и реалното ниво на застапеност на одредени групи на граѓани во парламентарниот дискурс.

**Графикон 3.** **Од следните групи на граѓани, чии интереси сметате дека Собранието најдобро ги застапува (%)**



Во однос на дали треба да има интерпартиски групи кои ќе се освртнат на конкретни групи на граѓани или области, забележуваме благ тренд на опаѓање на поддршката за оваа идеја од страна на испитаниците во распон од 4 години, опаѓајќи на 49% од испитаниците кои одговориле потврдно на анкетата спроведена во 2025 година (Графикон 4). Трендот може да сугерира дека овие работни тела не се перципираат како релевантни инструменти за застапување на маргинализирани категории на граѓани или специфични области кои бараат повеќе фокус од законодавниот дом.

**Графикон 4.** **Дали сметате дека е важно во Собранието да се формираат повеќепартиски групи во кои пратеници од различни партии ќе се обединат околу исти прашања? (%)**




На прашањето за кои прашања треба да се формираат такви групи, младите, невработените, лицата со посебни потреби и самохраните родители се посочени во половина или над половина од случаите, додека останатите прашања / групи на граѓани се именувани во 45% од одговорите или помалку (Графикон 5.) Наодот го покажува незнаењето на граѓаните кои предложиле веќе постоечки интерпартиски групи, односно Клубот за младински прашања и политики, Клубот на пратенички, интерпартиски групи за поддршка на правата на Ромите, лицата со попреченост, заштита на животната средина, борба против корупција и други.

Анализата на собраниските дебати укажува дека младите претставуваат категорија граѓани која најчесто се спомнува во излагањата на пратениците. Истовремено, општата јавност ги перципира како група со најголема оправданост за вклучување во работни тела и неформални групи во Собранието. Тоа меѓу другото и се должи на големината на групата, односно бидејќи возраста е главната и единствена карактеристика, во истата може да спаднат лица од речиси сите останати именувани категории на маргинализирани групи. Жените од друга страна се наоѓаат на дното на листата како категории на граѓани чии интереси се најдобро застапени и треба да бидат главен фокус на интерпартиски групи, додека според извештаите за дебатата се втора најчесто спомнувана категорија на граѓани во излагањата.

**Графикон 5.** **Доколку да, за кои прашања сметате дека е важно да се формираат вакви групи? (%)**




При пресек на резултатите според род (Графикон 6), маргиналните разлики во избраните категории за интерпартиски групи во Собранието укажуваат на неколку трендови. Воочливо е дека мажите во поголем процент од жените приоритизираат области, наспроти групи на граѓани (антикорупција, заштита на животната средина), додека жените во поголем процент ги приоритизираат младите, невработените, лицата со посебни потреби и самохраните родители. Мажите почесто приоритизираат тематски области (антикорупција, животна средина), што може да сугерира дека ја доживуваат политиката и парламентарната работа повеќе низ призма на системски или политички теми, отколку низ социјални категории. Жените од друга страна приоритизираат социјални групи (млади, невработени, лица со посебни потреби, самохрани родители), шти имплицира поголема сензибилизација кон прашања што се поврзани со ранливост и социјална поддршка.

Процентот на машки испитаници кои сметаат дека се потребни интерпартиски групи за жени е речиси двојно помал од женски испитаници кои ги посочиле жените како категорија. Фактот дека речиси двојно помал процент мажи ја наведуваат потребата од интерпартиски групи за жени укажува дека прашањата за родова еднаквост најчесто се препознаваат и застапуваат од жените, а не се перципираат како општествен приоритет од страна на мажите.

Повисокиот процент мажи кои ги приоритизираат жителите на рурални средини (42%) наспроти процентот на жени (34%) може да укажува на тоа дека руралниот контекст се доживува како „економска," а не социјална категорија, што повторно се вклопува во тенденцијата мажите да фокусираат на структурни, а не на социјални прашања.

**Графикон 6.** **Доколку да, за кои прашања сметате дека е важно да се формираат вакви групи? – пресек според род (%)**



# VI. Заклучок

Анализата на родовата застапеност и застапеноста на маргинализираните групи во Собранието на Северна Македонија покажува повеќеслојна динамика. Иако пратеничките сочинуваат 39% од составот, нивната застапеност во работните тела и комисии укажува на тематска сегрегација: тие се повеќе присутни во комисии со социјален карактер, додека пратениците (мажи) доминираат во комисии поврзани со финансии, безбедност, локална самуправа и разузнавање. Овој тренд го потврдува постоењето на родов пристап за распределба на влијанието и должностите во Собранието, при што се перпетуираат традиционалните родови општествени улоги и во законодавниот дом.

Дополнително, анализата на собраниските дебати покажува дека правата и потребите на маргинализираните групи ретко се застапени, со особено ниска видливост на ЛГБТИ+ заедницата, самохрани родители и жителите на рурални области. Жените пратенички, иако се во помал број, значително повеќе придонесуваат во дискусиите поврзани со овие категории. Овој наод имплицира дека зголемувањето на родовата застапеност може да има поширок позитивен ефект врз инклузивноста на Собранието, бидејќи жените почесто го носат во политичката агенда гласот на социјално ранливите и недоволно слушнати групи. Истовремено, тоа укажува на потребата од структурна поддршка и механизми кои ќе поттикнат и мажите пратеници да преземат поактивна улога во застапувањето на овие прашања.

Постојат значајни разлики меѓу перцепцијата на јавноста и реалното застапување, што укажува на постоење на перцепциски јаз во оценката на застапеноста на одредени групи. Додека дел од граѓаните сметаат дека одредени заедници – како што се ЛГБТИ+ лицата или лицата со попреченост се соодветно застапени во Собранието, емпириските податоци и анализата на собраниските дискусии покажуваат дека овие групи речиси и да не се појавуваат во законодавниот дискурс. Овој јаз може да произлегува од недоволната информираност на јавноста за реалните активности на Собранието, од медиумското покривање кое повремено создава впечаток за поголема инклузивност, но и од тоа што застапеноста често се поистоветува со симболичко, а не суштинско учество во политичките процеси.

# VII. Препораки

1. **Подобрување на родовата дистрибуција во комисиите:** Партиите треба да ги ревидираат критериумите за распределба на пратенички и пратеници, со цел жените да имаат поголема застапеност во комисии како што се оние за финансии, безбедност и локална самоуправа, наместо да бидат концентрирани само во социјални сектори. Дополнително, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите треба да има поголема застапеност на пратеници мажи, бидејќи нивното отсуство укажува дека еднаквите можности се третираат строго како прашање што се однесува само на жените.

2. **Зголемување на видливоста на маргинализираните групи:** Собранието треба да поттикнува и стимулира дискусии и законодавство кои го вклучува маргинализираните групи, со посебен фокус на пленарните седници.

3. **Зголемување на учеството на пратеници од маргинализирани групи:** Партиите треба да овозможат повеќе кандидати од овие групи да влезат во парламентарниот состав, за автентично да ги застапуваат интересите на своите заедници.

4. **Редовно користење на ПВР:** Интеграција на социјалната перспектива во законските предлози може да обезбеди поголема сензитивност на легислативата кон потребите на маргинализирани категории на граѓани.

5. **Промоција на интерпартиски иницијативи:** Со оглед на опаѓањето на јавната поддршка за интерпартиски групи, важно е да се формализира и зголеми активноста на постојните групи и да се формираат нови за категории кои се недоволно застапени.

6. **Зголемување на информираноста на јавноста за собраниските активности:** Јавноста треба да биде информирана за постојните механизми за застапување на маргинализираните групи во Собранието, за да се намали перцепцискиот јаз и да се поттикне поголема транспарентност во процесите на одлучување

7. **Користење и примена на услугите овозможени од Програмата за парламентарна поддршка:** Пратениците треба активно да ги користат обуките што ги нуди ПСП, вклучително обуки за родово базирано буџетирање, користење на механизми за надзор, примената на ПВР и учење на знаковен јазик, со цел да ги унапредат своите капацитети и да ги исполнуваат своите функции на поинклузивен и ефикасен начин.

# VII. Користена литература


- Јовевска Ѓорѓевиќ, А. и Тренеска Ј. – Поглед на Собрание: Извештај од набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието (јануари – јуни 2025) – необјавена публикација

- Јовевска Ѓорѓевиќ, А. и Тренеска Ј. – Поглед на Собрание: Извештај од набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието (јуни – декември 2024) – необјавена публикација

- Јовевска Ѓорѓевиќ, А. и Тренеска Ј. – Поглед на Собрание: Извештај за набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието (јуни – декември 2023) - https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2024/06/A4_Kvalitet_na_debata_juli_dekemvri_2023MKD-2.pdf

- Јовевска Ѓорѓевиќ, А. , Речица В. и Донев Н. – Поглед на Собрание: Извештај за набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието (јануари – јуни 2023) - https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/08/A4_Kvalitet_na_debata_januari_juni_2023MKD-1.pdf

- Јовевска Ѓорѓевиќ, А. и Јанеска, С.2020. Суштинско или стерилно: Застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (1990 – 2020). Достапно на: https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2020/08/Kratok_dokument_za_javna_politika_Br.31_2020_SustinskoiliSterilno.pdf

- Cassaniti, V. 2023. Gender Gap in Social Welfare Policy Attitudes. Georgia Journal of Science. https://digitalcommons.gaacademy.org/gjs/vol81/iss1/112/?utm_source=chatgpt.com

- Itzkovitch-Malka, R and Oshri, O. 2024. The Weight on Her Shoulders: Marginalization of Women Legislators in Parliaments and Substantive Representation of Women. British Journal of Political Science.

- Siaroff, A. 2000. Women's Representation in Legislatures and Cabinets in Industrial Democracies. International Political Science Review.

- Walsh K. 2002. Women bringing marginalized perspectives to floor debate in the House of Representatives. University of Oklahoma Press.

- Zakina, E. and Rashova, E. 2019. Ministerial Politics in Southeastern Europe: Appointment and Portfolio Allocation to Female Ministers. Journal of Politics and Gender.

- National Democratic Institute. Why Women in Politics. Avaliable at: https://www.ndi.org/sites/default/files/Handout%204%20-%20Why%20Women%20in%20Politics.doc

# Информации за проектот

–

**Швајцарската Програма за парламентарна поддршка (ППП)** ќе ги поддржи напорите на Собранието на Република Северна Македонија за независност преку градење консензус, структурни реформи и градење на капацитетите во институционалниот развој на Собранието; во неговите законодавни и надзорни улоги и во неговата институционална транспарентност и отчетност. ПСП се спроведува од страна на Националниот демократски институт, Институтот за демократија „Социетас цивилис" - Скопје и Центарот за управување со промени, за поддршка на стратешкото планирање на Собранието; за реформи во управувањето со човечките ресурси; за подобрена процена на влијанието на регулативата и процесите за набавка; за посветеност кон отворени податоци и преку мерењето на јавното мислење и следењето на напорите за реформи, вклучително и за поголемо граѓанско ангажирање во процесите за креирање политики.

# Информации за НДИ

–

Од своето основање во 1983 година, Националниот демократски институт (НДИ) работи на зајакнување на демократијата и поддршка на инклузивното политичко учество низ целиот свет. Институтот е активен во Северна Македонија од 1993 година, соработувајќи со граѓаните, граѓанското општество, политичките партии, медиумите и институциите за градење на потранспарентни, одговорни и отпорни демократски практики. Денес, НДИ ја спроведува Програмата за парламентарна поддршка и иницијативите „Заедници со интегритет", поддржани од Владите на Швајцарија и Шведска, со цел унапредување на посилно демократско управување и интегритет на национално и локално ниво.

**Контакт-податоци за НДИ**

Адреса: ул. Лазар Личеноски 13, 3 кат, 1000 Скопје
електронска пошта: ndimacedonia@ndi.org

# Информации за ИДСЦС

Институтот за демократија „Социетас цивилис" Скопје (ИДСЦС) е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. Мисијата на Институтот за демократија е да помогне во граѓанската вклученост во носењето одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, Институт за демократија придонесува за соживот помеѓу различностите.

ИДСЦС, од јуни 2014 година, го следи квалитетот на дебатата во Собранието и медиумското известување за работата на Собранието. Набљудувањето во првиот циклус се одвиваше во текот на 10 месеци, односно од јуни 2014 до мај 2015 година. Од септември 2015 година следуваше вториот период на набљудувањето и оценувањето на квалитетот на парламентарната дебата и на медиумското известување, поддржано од Швајцарската агенција за развој и соработка, кој траеше до декември 2017 година. Третиот период на набљудување на квалитетот на дебатата почна во јануари 2018 година и траеше до декември 2019 година. **Од јануари 2020 година, Институтот за демократија ја набљудува работата на Собранието и квалитетот на дебатата во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП).**

**Контакт-податоци за ИДСЦС**

Адреса: ул. Мирослав Крлежа бр. 52/1 /2,
1000 Скопје
Тел. бр./факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Краток документ за јавна политика бр. 11/2025

-

# Родова застапеност и тематска видливост: пратеничките и маргинализираните групи во Собранието

Авторка: Јоана Тренеска

-

Октомври 2025

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

CENTER FOR CHANGE MANAGEMENT